# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 4 декември 1987
Скопје
Број 45 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 400 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**765.**

Врз основа на член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на СРМ“ број 37/87), Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 18 ноември 1987 година, го утврди пречистениот текст на Законот за личната карта.

Пречистениот текст на Законот за личната карта ги опфаќа Законот за личната карта („Службен весник на СРМ“ број 15/73), исправката на Законот за личната карта („Службен весник на СРМ“ број 20/73). Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на СРМ“ број 38/85) и Законот за изменување и дополнување на Законот за личната карта („Службен весник на СРМ“ број 37/87) во кои е означено времето на нивното влегување во сила.

Бр. 13-13/30
18 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија,
**Иван Гиновски**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ЛИЧНАТА КАРТА
### (Пречистен текст)

Член 1

Личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот.

Личната карта служи и како доказ за државјанство на СФРЈ и за датумот и местото на раѓањето и живеалиштето.

Член 2

Образецот на личната карта содржи: назив „Лична карта“, натписите „Социјалистичка Федеративна Република Југославија“ со втиснат грб на СФРЈ, „Социјалистичка Република Македонија“ и место за запишување на општината во која личната карта се издава, единствениот матичен број на граѓанинот, ознака на серијата и серискиот број, место за фотографија, место за печат на надлежниот орган, место за запишување на датумот на издавањето на личната карта, регистарскиот број и рокот на важноста на личната карта, како и место за потпис на овластеното службено лице на органот што ја издал личната карта.

Член 3

Во личната карта се запишуваат податоците на имателот на личната карта, и тоа: име и презиме, ден, месец и година на раѓањето, место, општина и република на раѓањето, живеалиштето и адреса на станот, како и промена на живеалиштето, адресата на станот и промена на личното име.

Член 4

Воеhisteното лице го докажува својот идентитет со воена легитимација, што му се издава според посебни прописи или со лична карта.

Член 5

Право и должност на секое лице постаро од 18 години е да има лична карта.

Лична карта ќе му се издаде и на лице помладо од 18 години, а постаро од 14 години, ако тоа ја побара, а може да му се издаде и на лице помладо од 14 години по барање на неговиот родител или старател.

Граѓанинот може да има само една лична карта.

Член 6

Личната карта ја издава општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи на чие подрачје има живеалиште лицето кое бара лична карта.

Член 7

Полнолетните лица се должни да го поднесат барањето за издавање на лична карта во рок од три месеци по наполнетата 18 годишна возраст.

Барањето за издавање на лична карта се поднесува на пропишан образец.

Кон барањето за издавање на лична карта се приложуваат две фотографии од определена големина кои верно го прикажуваат лицето на кое се однесуваат.

Во барањето за издавање на лична карта мораат да се наведат вистинити податоци.

Од лицето кое поднесува барање се зема отпечаток од десниот прст-показалец. Отпечатокот се става на картонот за издадената лична карта

Ако лицето од став 5 на овој член нема десен прст-показалец, отпечатокот се зема од другиот следен прст на десната рака, односно ако таква нема, по истиот редослед на левата рака и тоа се забележува во картонот за издадената лична карта.

Член 8

Пред издавањето на личната карта се утврдува идентитетот на лицето кое бара да му се издаде лична карта и вистинитоста на другите податоци наведени во барањето за издавање на лична карта.

Лицето кое поднесува прв пат барање за издавање на лична карта, својот идентитет и другите податоци ги докажува со извод од матичната книга на родените, како и со други докази што ќе ги побара општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи

Член 9

Лицето кое според одредбите на овој закон е обврзано да има лична карта, должно е личната карта да ја носи и да ја покаже по барање на службеното лице кое со закон е овластено да легитимира.

Забрането е давање на својата лична карта на друг на услуга. односно забрането е користење на туѓа лична карта како своја.

Член 10

На лице помладо од 25 години личната карта му се издава со рок на важење од 7 години.

На лице од 25 до 50 години возраст личната карта му се издава со рок на важење од 15 години.

На лице постаро од 50 години личната карта му се издава со трајно важење.

Лицето од ставовите 1 и 2 на овој член е должно да поднесе барање за замена на личната карта во рок од три месеци по истекот на нејзиниот рок на важење.

Член 11

Лицето што ќе го промени живеалиштето или адресата на станот е должно во рок од 30 дена да пријави запишување на истото во личната карта, односно да ја замени својата лична карта со нова, издадена од општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи во новото живеалиште.

Органот од став 1 на овој член веднаш по издавањето на новата лична карта ќе го извести за тоа општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи што ја издал поранешната лична карта.

Член 12

Ако општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи утврди дека личната карта на некое лице е толку оштетена или дотраена што не може да и служи на својата намена или изгледот на имателот на личната карта е толку изменет што не одговара на фотографијата во личната карта тој ќе определи рок во кој тоа лице мора да поднесе барање за замена на личната карта. Овој рок не може да биде пократок од 15 дена.

Општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи е должен да му ја замени личната карта на лицето што го бара тоа.

Член 13

Лицето што ќе ја загуби личната карта или на друг начин ќе остане без неа е должно веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена, да го пријави тоа на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи и да побара издавање на нова лична карта.

Ако лицето од став 1 на овој член на кого му е издадена нова лична карта ја пронајде порано издадената лична карта, должно е веднаш истата да ја предаде на општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Во рокот од став 1 на овој член, лицето што ќе го промени личното име е должно да го пријави запишувањето на истото во личната карта, односно да ја замени личната карта со нова.

Член 14

Општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи е должен во што покус рок, но не подоцна од 30 дена од денот на приемот на барањето, да издаде лична карта.

Ако општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи веднаш не му издаде лична карта на подносителот на барањето, ќе му издаде потврда како доказ дека поднел барање за издавање на лична карта.

Член 15

Во случаите од член 10 став 4, член 11 став 1, член 12 став 1 и член 13 став 3 при земањето на новата лична карта, лицето веднаш ја враќа старата лична карта на органот на управата надлежен за внатрешни работи кој ја издал новата лична карта.

Старата лична карта се поништува.

Член 16

Оној што ќе најде туѓа лична карта е должен веднаш да му ја предаде на лицето на чие име гласи или на месна канцеларија, на работник на милицијата или на орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Член 17

Граѓаните плаќаат надоместок во висина на цената на чинењето на личната карта, што го определува републичкиот секретар за внатрешни работи.

Член 18

Општинскиот орган на управата надлежен за внатрешни работи води евиденција за примените барања и за издадените лични карти.

Член 19

Со парична казна до 2.500 динари или со казна затвор до 30 дена ќе се казни за прекршок поединец кој:

1) има повеќе од една лична карта (член 5 став 3);

2) во барањето за издавање на лична карта ќе внесе невистинити податоци (член 7 став 4);

3) ќе одбие да му ја покаже личната карта на овластеното службено лице (член 9 став 1); и

4) својата лична карта ќе му ја даде на услуга на друго лице или ќе се користи со туѓа лична карта како со своја (член 9 став 2).

Член 20

Со парична казна до 1.500 динари или со казна затвор до 15 дена ќе се казни за прекршок поединец кој:

1) во определениот рок по наполнетата 18 годишна возраст не поднесе барање за издавање на лична карта (член 7 став 1);

2) не ја носи личната карта, а е должен да ја има, ако не може со друга јавна исправа да се утврди неговиот идентитет (член 9 став 1);

3) во определениот рок не поднесе барање за замена на личната карта (член 10 став 4, член 11 став 1, член 12 став 1 и член 13 став 3); и

4) во определениот рок не го пријави исчезнувањето на личната карта (член 13 став 1).

Член 21

Образецот на личната карта го изработува организацијата на здружениот труд, што за тоа ќе ја овласти републичкиот секретар за внатрешни работи.

Член 22

Се овластува републичкиот секретар за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за образецот на личната карта, постапката за издавање и замена на личната карта и за начинот на водење на евиденцијата за издадените лични карти.

---

**766.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЗЕРСКАТА ПЛОВИДБА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за езерската пловидба,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Соборот на општините одржани на 24 ноември 1987 година.

Бр. 08-3323
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнет Старова,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЗЕРСКАТА ПЛОВИДБА

Член 1

Во Законот за езерската пловидба („Службен весник на СРМ" број 8/80, 26/80 и 5/82) во член 9 став 2 зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба" се заменуваат со зборовите: „Капетанијата на пристаништата".

Член 2

Во член 15 став 2 точката на крајот се брише и се додаваат зборовите: „како и местата за престој и чување на пловните објекти".

Член 3

Во член 31 ставови 2 и 3 зборот „атест" се заменува со зборот „потврда".

Во став 4 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба или организацијата на здружениот труд што ја определува собранието на општината".

Во став 5 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите „Општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба или организацијата на здружениот труд што ја определува собранието на општината".

Член 4

Во член 34 став 1 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба или организацијата на здружениот труд што ја определува собранието на општината".

Член 5

По член 34 се додава нов член 34-а кој гласи:

„Член 34-а

Поблиски прописи за утврдување на способноста за пловидба на чамците и пловните инсталации донесува Републичкиот комитет за сообраќај и врски".

Член 6

Во член 37 став 2 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите: „опшинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба или организацијата на здружениот труд што ја определува собранието на општината".

Член 7

Поднасловот 3. Техничкото-експлоатациони услови и член 38 се бришат.

Член 8

Во член 40 став 1 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба".

По став 1 се додаваат два нови става 2 и 3 кои гласат:

„Во уписникот може да се впише чамец и пловна инсталација од друга социјалистичка република, односно социјалистичка автономна покраина ако чамецот и пловната инсталација постојано или повремено се задржува или плови на езерата од подрачјето на општината.

Во уписникот не може да се впише чамец кој е впишан во регистар на друга држава".

Досегашните ставови 2 и 3 стануваат 4 и 5.

Во став 4 кој станува став 6 зборовите: „Капетанијата на пристаништата" се заменуваат со зборовите: „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба".

Член 9

Член 43 се менува и гласи:

„Чамецот има посада.

Со чамец, односно пловна инсталација може да управува лице кое наполнило 18 години, кое има општа здравствена способност и е стручно оспособено за управувач на чамец, односно раководител на чамец и пловна инсталација.

Стручната оспособеност за управувач на чамец и раководител на чамец и пловна инсталација се утврдува со полагање на стручен испит пред комисија што ја формира општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба.

Две или повеќе општини може да формираат заедничка комисија за полагање на стручниот испит.

Доколку не биде формирана комисија, од ставовите 3 и 4 на овој член, кандидатот за управувач на чамец и раководител на чамец и пловна инсталација стручниот испит го полага во друга општина или во Републичкиот комитет за сообраќај и врски.

Надоместокот за полагањето на стручниот испит го плаќа кандидатот

Висината на надоместокот за полагање на стручниот испит ја пропишува Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Републичкиот комитет за сообраќај и врски донесува поблиски прописи за бројот и составот на посадата на чамецот, за составот на комисијата и програмата на стручниот испит на член на посада, како и кои пловни инсталации имаат членови на посада".

Член 10

По член 43 се додава нов член 43-а кој гласи:

„Член 43-а

Имателот на чамец и пловна инсталација не смее да го довери чамецот, односно пловната инсталација на управување на лице кое нема пропишана стручна подготовка или на лице кое е под дејство на алкохол".

Член 11

Во член 65 став 1 се менува и гласи:

„Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на безбедноста на езерската пловидба и Капетанијата на пристаништата".

Во став 2 зборот „инспекциските" се брише

Член 12

По член 65 се додаваат четири нови членови 65-а, 65-б, 65-в и 65-г кои гласат:

„Член 65-а

Општинскиот орган на управата надлежен за работите на безбедноста на езерската пловидба ги врши сите работи на безбедноста на езерската пловидба, освен работите кои со овој закон се ставени во надлежност на Капетанијата на пристаништата.

Член 65-б

Капетанијата на пристаништата се грижи за правилно организирање, вршење и унапредување на безбедноста на езерската пловидба, а врши и други работи на безбедноста на езерската пловидба кои и се ставени во надлежност со закон.

Член 65-в

Капетанијата на пристаништата на општинските органи на управата надлежни за работите на безбедноста на езерската пловидба им издава стручни упатства за примена на републичките прописи во вршењето на инспекциските работи.

Член 65-г

Капетанијата на пристаништата непосредно ги врши работите од надлежност на општинскиот орган на управата надлежен за работите на безбедноста на езерската пловидба кога·

1) општинскиот орган на управата надлежен за работите на безбедноста на езерската пловидба не ги врши работите за кои е надлежен, или ако во вршењето на работите на безбедноста на езерската пловидба постојат битни недостатоци, и

2) поради одлагање може да настане опасност по животот, безбедноста на луѓето и имотот.

Во случаите од точките 1 и 2 на став 1 од овој член, Капетанијата на пристаништата го известува Собранието на општината".

Член 13

Член 70 се менува и гласи·

„Работите на инспекцискиот надзор во езерската пловидба ги вршат инспекторите за безбедност на езерската пловидба.

За општински инспектор за безбедност на езерската пловидба се назначува лице со висока поморска школа, дипломиран бродомашински инженер или дипломиран сообраќаен инженер со најмалку една година работно искуство или сообраќаен инженер со најмалку две години работно искуство.

За инспектор за безбедност на езерската пловидба во Капетанијата на пристаништата се назначува лице со висока поморска школа или бродомашински инженер или дипломиран сообраќаен инженер со најмалку три години работно искуство".

Член 14

Во член 71 став 2 се менува и гласи:

„Капетанот на Капетанијата на пристаништата и инспекторот за безбедност на езерската пловидба се должни да носат пропишана службена облека".

Член 15

Во член 79 став 1 зборовите: „од 30.000 до 300.000" се заменуваат со зборовите: „од 200.000 до 2.000.000".

Во точка 3 зборовите „општинскиот орган на управата надлежен за работите на езерската пловидба" се заменуваат со зборовите: „Капетанијата на пристаништата".

Во став 2 зборовите: „од 3.000 до 30.000" се заменуваат со зборовите: „од 20.000 до 200.000".

Член 16

Во член 80 став 1 зборовите: „од 5.000 до 70.000" се заменуваат со зборовите „од 50.000 до 200.000".

По точка 5 се додава нова точка 6 која гласи:

„6) го довери пловниот објект на управување на лице кое нема пропишана стручна подготовка или на лице кое е под дејство на алкохол (член 43-а)".

Точките 6, 7, 8 и 9 стануваат 7, 8, 9 и 10.

Во став 2 зборовите: „од 500 до 5.000" се заменуваат со зборовите „од 3.000 до 30.000".

Член 17

Во член 81 зборовите: „од 1.000 до 10.000" се заменуваат со зборовите: „од 3.000 до 30.000", а зборот „граѓанин" се заменува со зборовите: „физичко лице".

По точка 7 се додава нова точка 7-а која гласи:

„го довери пловниот објект на управување на лице кое нема пропишана стручна подготовка или на лице кое е под дејство на алкохол (член 43-а)".

Член 18

Во член 82 зборовите: „од 200 до 1.000" се заменуваат со зборовите „од 1.000 до 5.000".

Член 19

Во член 83 бројот „150" се заменува со бројот „1 500".

Член 20

Во член 85 став 1 зборовите: „членовите 83 и 84" се заменуваат со зборовите: „член 83".

Член 21

Во член 9 став 3, член 41 и член 71 став 3 зборовите „функционерот кој раководи со републичкиот орган на управата надлежен за работите на сообраќајот" се заменуваат со зборовите: „Републичкиот комитет за сообраќај и врски".

Член 22

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на СРМ да утврди пречистен текст на Законот за езерската пловидба.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**767.**

Врз основа на член 68 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИСКЛУЧИТЕЛНА СТАРОСНА, ОДНОСНО СЕМЕЈНА ПЕНЗИЈА

I

За особени заслуги во научната и културната дејност им се определува исклучителна пензија на:

1. Манол Пандевски од Скопје, член на МАНУ, во висина од 154.000 динари;

2. Искра Грабулоска од Скопје, сопруга на поч. Јордан Грабулоски, дописен член на МАНУ, во висина од 107.800 динари,

3. Снежана Божикова од Скопје, сопруга на поч. Ѓорѓи Божиков во висина од 91.250 динари; и

4. Павлина Чинго од Скопје, сопруга на поч. Живко Чинго, во висина од 91.250 динари.

II

Исплатата на пензиите според оваа одлука тече од 1 октомври 1987 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3327/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**768.**

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ" број 33/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ ВО РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА „НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ И ЛОВИШТА" — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Самоуправната спогодба за здружување во работна организација „Национални паркови и ловишта" — Скопје, што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што ја донесоа работниците во основните организации на здружениот труд во Работната организација на референдумите одржани на 22 февруари 1984 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3329/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**769.**

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за заштита на националните паркови („Службен весник на СРМ“ број 33/80), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДРЕДБИТЕ НА СТАТУТОТ НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА „НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ И ЛОВИШТА“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на работната организација „Национални паркови и ловишта“ — Скопје, што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што го донесоа работниците во основните организации на здружениот труд здружени во Работната организација на референдумите одржани на 22 февруари 1984 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3328/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**770.**

Врз основа на член 60 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД — ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основната организација на здружениот труд — Институт за социолошки и политичко правни истражувања — Скопје, што се однесуваат на дејноста на организацијата, донесувањето на плановите за работа и развој, начинот на одлучувањето на претставниците на општествената заедница, научно-истражувачката дејност во општонародната одбрана и општествената самозаштита, условите за избор на научни и соработнички звања и условите за именување работоводен орган, што го донесоа работниците на референдумот одржан на 10 октомври 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3326/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**771.**

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за библиотечната дејност („Службен весник на СРМ“ број 35/84), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА НАРОДНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ — СКОПЈЕ

Се дава согласност на одредбите на Статутот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ — Скопје што се однесуваат на работите од посебен општествен интерес и на учеството на претставниците на општествената заедница во одлучувањето по тие работи, што го донесоа работниците на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски“ — Скопје на референдумот одржан на 18 декември 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3325/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**772.**

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Емилија Тодорова,
Лилјана Ивановска,
Ангеле Божиновски,
д-р Ристо Каркалашев и
Лазо Симонов

2 За претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет — Скопје се именуваат·

д-р Цветанка Абрашева, лекар — стоматолог во Домот за народно здравје — Скопје, здравствена станица „Кисела Вода“ — Скопје,

Алексо Јанкуловски, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот на работниците од образованието, науката и културата,

Славчо Гасев, секретар на Координациониот одбор при РК на ССРНМ за остварување на кадровската политика во СРМ.

Трпе Алексовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и

д-р Спиро Јовески, делегат во РК на ССРНМ, вработен во Градската општа болница — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3342/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

773.

Врз основа на член 247 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. Се разрешува од функцијата претставник на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет во Скопје, поради истек на времето за кое е именуван Иванчо Ивановски.

2. За претставник на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет во Скопје се именува Ило Гајтановски, секретар на ОК на ССРНМ Центар — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3343/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

774.

Врз основа на член 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ООЗТ КЛИНИКА ЗА КАРДИОЛОГИЈА ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Алексо Петановски,
д-р Данаил Симовски и
Јован Цубалевски.

2. За членови на Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет — Скопје се именуваат:

Богољуб Јовев, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ, секретар на ОСИЗ за здравствена заштита — Штип,

Славе Поповски, член на Советот на Републиката, и

Дарко Тофовски, претседател на Координациониот одбор на РК на ССРНМ за крводарителство

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3341/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с р.

775.

Врз основа на членовите 247 и 248 став 3 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" број 16/85). Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ПЕДАГОШКАТА АКАДЕМИЈА „КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

Јела Лучиќ-Марковска,
Исмет Рамадани и
Ангеле Михајловски

2. За членови на Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје се именуваат:

Михајло Георгиевски, секретар на Општинскиот совет на ССМ Карпош — Скопје,

Афрдита Мимидиновска, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ, и

Светлана Топузовска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, професор во ОУ „29 Ноември" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3340/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

776.

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ" број 4/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОНКУРСНАТА КОМИСИЈА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР

За членови на Конкурсната комисија за именување генерален директор на Македонскиот народен театар се именуваат:

Паскал Гилевски, член на Претседателството на РК на ССРНМ и

Бранкица Арсениевска, извршен секретар на Претседателството на ОК на СКМ „Центар" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3339/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

777.

Врз основа на член 164 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на СРМ" број 10/83), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА И ТУБЕРКУЛОЗА НА СРМ — СКОПЈЕ

1. Се разрешуваат од функцијата претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ — Скопје, поради истек на времето за кое се именувани:

д-р Нада Гривчева,
Рамадани Идриз,
Љубо Митевски,
д-р Марија Митриќеска и
Киро Михајловски.

2. За членови на Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ — Скопје се именуваат:

Пејко Блажевски, член на Советот на Републиката,

д-р Петар Гајдов, делегат во Соборот на здружениот труд, вработен во Медицинскиот центар — Титов Велес и

д-р Душан Јовановиќ, шеф на Службата за санитарна контрола и надзор во РО „Комуналец" — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3337/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**778.**

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за филмската дејност („Службен весник на СРМ" број 15/86), Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА СОБИРОТ НА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ НА ЗАВОДОТ ЗА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТЕН И НАСТАВЕН ФИЛМ НА СРМ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ИНДИВИДУАЛЕН РАБОТОВОДЕН ОРГАН НА ЗАВОДОТ

Се дава согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на Заводот за културно-просветен и наставен филм на СРМ, со која за индивидуален работоводен орган на Заводот е именуван Мартин Панчевски, раководител на филмскиот архив на Кинотеката на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3338/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**779.**

Врз основа на член 4 од Законот за обезбедување и насочување на средствата за поттикнување на развојот на земјоделството и на сточарството („Службен весник на СРМ" број 37/83, 8/84, 17/84, 3/85, 35/85, 44/86, 13/86 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСВОЈУВАЊЕ НА НОВИ И НАПУШТЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ И ОТКУП НА ОБРАБОТЛИВО ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО 1987 ГОДИНА

I

Во Програмата за освојување на нови и напуштени земјоделски површини и откуп на обработливо земјоделско земјиште во 1987 година („Службен весник на СРМ" број 14/87) во делот I бројот „1.248" се заменува со бројот „1.128".

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3330/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**780.**

Врз основа на член 4 од Законот за обезбедување и насочување на средства за поттикнување на развојот на земјоделството и на сточарството („Службен весник на СРМ" бр. 37/83, 8/84, 17/84,3/85, 35/85, 44/85, 13/86 и 11/87), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 24 ноември 1987 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО 1987 ГОДИНА

I

Во Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство во 1987 година („Службен весник на СРМ" број 14/87) во дел I став 2 бројот „500.000.000" се заменува со бројот „620.000.000".

II

Во делот III во табеларниот преглед „Општи мерки" точките 39, 40, 41, 42 и 43 се менуваат и гласат:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39. Бруто личен доход на општ. служби | 272.852 | 272.852 | 545.704 |
| 40. Бруто личен доход на Реп. центар | 32.702 | — | 32.702 |
| 41. Матер. трош. на општ. служби | 99.886 | 99.886 | 199.772 |
| 42. Мат. трош. на Републич. центар | 14.927 | — | 14.987 |
| ВКУПНО ОПШТИ МЕРКИ: | 452.427 | 400.238 | 852.665 |
| СЀ ВКУПНО: | 601.109 | 490.753 | 1.091.862 |
| 45. За недоволно предвидени мерки | 18.891 | — | 18.891 |
| СЀ ВКУПНО: | 620.000 | 490.753 | 1.110.753 |

III

Во делот IV став 3 табелата се менува и гласи:

| Реден број | Корисници на средства од Програмата (општина, стручни служби — центри) | Утврден износ за 1987 со измена на Програмата |
|---|---|---|
| 1. | Берово | 14.574.510 |
| 2. | Битола | 30.584.336 |
| 3. | Брод Македонски | 17.576.435 |
| 4. | Делчево | 14.179.876 |
| 5. | Дебар | 4.291.703 |
| 6. | Демир Хисар | 15.965.656 |
| 7. | Валандово | 9.215.363 |
| 8. | Виница | 18.969.151 |
| 9. | Гостивар | 26.768.552 |
| 10. | Гевгелија | 16.300.241 |
| 11. | Кавадарци | 13.348.657 |
| 12. | Куманово | 27.116.591 |
| 13. | Кичево | 17.896.115 |
| 14. | Крушево | 20.023.352 |
| 15. | Кратово | 10.063.353 |
| 16. | Кочани | 23.216.077 |
| 17. | Крива Паланка | 8.050.683 |
| 18. | Охрид | 26.075.900 |
| 19. | Пробиштип | 10.074.695 |
| 20. | Прилеп | 29.851.428 |
| 21. | Неготино | 6.174.747 |
| 22. | Свети Николе | 7.250.000 |
| 23. | Струмица | 14.241.000 |
| 24. | Струга | 30.407.423 |
| 25. | Радовиш | 14.878.726 |
| 26. | Ресен | 18.945.115 |
| 27. | Тетово | 38.340.940 |
| 28. | Титов Велес | 16.042.673 |
| 29. | Скопје | 24.520.995 |
| 30. | Штип | 16.002.936 |
| 31. | Примена | 47.688.848 |
| 32. | Полнење на контејнери | 4.000.000 |
| 33. | Републички и сојузни натпревари | 3.000.000 |
| 34. | Земјоделско образование и пропаганда | 4.000.000 |
| 35. | Совет за индивидуално земјоделство | 1.500.000 |
| | Вкупно: | 601.109.077 |
| 36. | За недоволно предвидени мерки | 18 890.923 |
| | СÈ ВКУПНО: | 620.000.000 |

IV

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр 21-3331/1
24 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**781.**

Врз основа на член 3, став 2 од Законот за привремена забрана на располагање со општествени средства за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен весник на СРМ", број 17/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

# ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА И ИЗНОСОТ НА СРЕДСТВА ШТО МОЖАТ ДА ГО КОРИСТАТ ЗА НЕСТОПАНСКИ И НЕПРОИЗВОДСТВЕНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО 1987 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат корисниците на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година, во рамките на износот од 3.215 милиони динари и тоа:

**Здравство**

(во динари)

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Здравствен дом — с. Новаци — Битола | 13.000.000 |
| 2. | Здравствен дом — Македонски Брод | 26.000.000 |
| 3. | Градска аптека — Галенска лабораторија Скопје | 7.000.000 |
| 4. | Завод за медицина на трудот — Скопје | 117.000.000 |
| 5. | Клиника за детски болести — Скопје | 33.000.000 |
| 6. | Клиника за кардиологија — Скопје | 32.000.000 |
| 7. | Здравствен дом — Пехчево — Берово | 20.000.000 |
| 8. | Здравствен дом — с. Митрашинци — Берово | 2.000.000 |
| 9. | Клиника за хируршки болести со ортопедија — Скопје | 650.260.000 |
| 10. | Медицински факултет (за просторно уредување и инфраструктурно поврзување во клиничкиот блок) — Скопје | 70.000.000 |
| 11. | Медицински центар — Дебар | 15.000.000 |
| 12. | Наставно научни институции — Институт за фармакологија — Скопје | 53.540.000 |
| 13. | Амбуланта — с. Џепиште — Дебар | 5.000.000 |
| 14. | Здравствен дом с. Жировница и Скудриње — Гостивар | 12.000.000 |
| 15. | Амбуланта — с Може Можднивњак — Крива Паланка | 15.000.000 |
| 16. | Здравствена станица „Шуто Оризари" — Скопје | 190.000.000 |
| 17. | Поликлиника „Ѓорче Петров" — Скопје | 50.000.000 |
| 18. | Амбулантно-поликлинички простор за Интерна клиника — Скопје | 30.000.000 |
| 19. | Медицински центар — Струмица | 29.200.000 |
| | Вкупно: | 1.370.000.000 |

**Образование**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Основно училиште — с. Ломница — Гостивар | 5.000.000 |
| 2. | Основно училиште, населба „Јане Сандански" училиште „Видое Смилевски — Бато" — Скопје | 120.000.000 |
| 3. | Основно училиште „Црниче" — Скопје | 19.000.000 |
| 4. | Основно училиште — с. Удово — Валандово | 6.000.000 |
| 5. | Основно училиште — с Марвинци — Валандово | 6.400.000 |
| 6. | Основно училиште — с. Калково — Валандово | 1.500.000 |
| 7. | Основно училиште — с. Градец — Гостивар | 90.000.000 |
| 8. | Основно училиште — с. Врбјани — Гостивар | 10.500.000 |
| 9. | Основно училиште — с. Џепиште — Дебар | 24.500.000 |
| 10. | Основно училиште — с. Романовце — Куманово | 10.000.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Основно училиште — с. Ињево — Радовиш | 20.000.000 |
| 12. | Основно училиште — с. Конче — Радовиш | 20.000.000 |
| 13. | Основно училиште — с. Дрслајца — Струга | 19.000.000 |
| 14. | Основно училиште — с. Иловица — Струмица | 22.500.000 |
| 15. | Основно училиште — с. Муртино — Струмица | 5.000.000 |
| 16. | Основно училиште — с. Ново Село — Скопје | 35.000.000 |
| 17. | Основно училиште — с. Лаки — Виница | 5.000.000 |
| 18. | Основно училиште „Братство единство" — Гостивар | 65.000.000 |
| 19. | Основно училиште — Дебар | 125.000.000 |
| 20. | Основно училиште — Делчево | 57.000.000 |
| 21. | Основно училиште — Седма станбена заедница — Тетово | 66.000.000 |
| 22. | Основно училиште „Славчо Стојменски" — Виница | 22.000.000 |
| 23. | Основно училиште — с. Јанковец — Ресен | 40.000.000 |
| 24. | Одморалиште за просветни работници — Берово | 35.000.000 |
| 25. | Основно училиште — с. Миравци — Гевгелија | 124.500.000 |
| 26. | Основно училиште — Нов Дојран — Гевгелија | 65.000.000 |
| 27. | Основно училиште — с Вруток — Гостивар | 46.250.000 |
| 28. | Основно училиште — с. Дуф — Гостивар | 15.600.000 |
| 29. | Основно училиште — с. Врбјани — Кичево | 15.000 000 |
| 30. | Основно училиште — с. Туин — Кичево | 30.000.000 |
| 31. | Основно училиште — с. Небојани — Кочани | 10.000.000 |
| 32. | Основно училиште — с. Облешево — Кочани | 20.000.000 |
| 33. | Основно училиште — с. Опае — Куманово | 5.000.000 |
| 34. | Основно училиште — с. Долно Татеши — Струга | 15.000.000 |
| 35. | Основно училиште — с. Н. Маала — Струмица | 30.000.000 |
| 36. | Основно училиште — с. Парналија — Штип | 10.000.000 |
| 37. | Основно училиште — с. Лавце — Тетово | 10.000.000 |
| 38. | Основно училиште — Н. Зелен Рид — Куманово | 23.000.000 |
| 39. | Основно училиште — Ново Лисиче — Скопје | 190.000.000 |
| 40. | Основно училиште — Битола | 100.000.000 |
| 41. | Основно училиште — Македонски Брод | 20 000.000 |
| 42. | Основно училиште — Палиград — Скопје | 30 000.000 |
| 43. | Основно училиште — с. Марино — Скопје | 83.000.000 |
| 44. | Основно училиште „25 Мај" — Скопје | 50.000.000 |
| 45. | Основно училиште — с. Ташмаруниште — Струга | 5.000.000 |
| 46. | Основно училиште — с. Пештани — Охрид | 8.750 000 |
| 47. | Основно училиште „25 Мај" — с. Ново Село — Струмица | 16 000 000 |
| 48 | Основно училиште „Никола Јонков Вапцаров" — Струмица | 30 000.000 |
| 49. | Општинска СИЗ за основно образование — с. Точила — Прилеп | 64 500 000 |
| 50. | Основно училиште „Гоце Делчев" — Кавадарци | 10 000.000 |
| 51. | Републичка СИЗ за предучилишно и основно образование и општествена заштита на децата (за реализација на Програмата за набавка на опрема) | 100.000.000 |
| 52. | Училишен центар за средно насочено образование „Гошо Вику́ентиев" — Кочани | 50.000.000 |
| 53. | Училишен центар за средно насочено образование „Ристо Ристески —Ричко" — Прилеп | 160.000.000 |
| 54. | Машински факултет — Скопје | 26.000.000 |
| 55. | Училишен центар за средно насочено образование „Мирко Милески" — Кичево | 80.000.000 |
| 56. | Училишен центар за средно насочено образование — Демир Хисар | 148.000.000 |
| 57. | Ученички дом — Струмица | 10.000.000 |
| 58. | Студентски центар „Скопје" — Скопје | 22.000.000 |
| 59. | Студентски дом — Битола | 20.000.000 |
| 60. | Републичка заедница на насочено образование (за реализација на Програмата за набавка на опрема) | 100.000.000 |
| 61. | Музичко-балетски училишен центар — Скопје | 68.000.000 |
| | Вкупно: | 2.640.000.000 |

### Култура и информации

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Дом на културата — Берово | 26.000.000 |
| 2. | Историски архив — Прилеп | 80.000.000 |
| 3. | Историски архив — Титов Велес | 38.000.000 |
| 4. | Дом на техника — Берово | 4.000.000 |
| 5. | Дом на културата — с. Слепче — Демир Хисар | 10.000.000 |
| 6. | Дом на културата — Македонски Брод | 20.000.000 |
| 7. | Библиотека — нас. „Јане Сандански" — Скопје | 25.000.000 |
| 8. | РТВ — Скопје | 300.000.000 |
| 9. | Републички завод за заштита на спомениците на културата | 50.000 000 |
| 10. | Дом на културата „25 Мај" — Македонски Брод (за еднокиловатен среднобранов предавател) | 30.000.000 |
| | Вкупно: | 583.000.000 |

### Физичка култура

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Спортски центар — Кавадарци | 2.000.000 |
| 2. | Фискултурна сала — Кичево | 25.000.000 |
| 3. | Отворен пливачки базен — Делчево | 10.000.000 |
| 4. | Спортска сала — Радовиш | 10.000.000 |
| 5. | Училишна сала — Штип | 3.000.000 |
| 6. | Училишна сала — Струга | 12.000.000 |
| | Вкупно: | 62.000.000 |

### Општествена заштита на децата

| | | |
|---|---|---|
| 1. | ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола (одморалиште „Пелистер") | 34.000.000 |
| 2. | Детска градинка — Демир Капија — Неготино | 34.000.000 |
| 3. | Детска градинка „11 Октомври" — Ресен | 20.000.000 |
| 4. | Детска градинка — Крива Паланка | 54.000.000 |
| 5. | Детска градинка — Кочани | 85.000.000 |
| 6. | Детска градинка — Свети Николе | 65.000.000 |
| 7. | Детска градинка — Македонска Каменица | 42.000.000 |
| 8. | Детска градинка — Ново Лисиче — Скопје | 74.000.000 |
| 9. | Детска градинка — Струмица | 29.000.000 |
| | Вкупно: | 437.000.000 |

**Социјална заштита и пензиско и инвалидско осигурување**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Специјален завод — Демир Капија | 50.000.000 |
| 2. | Дом за хуманитарни цели — Кочани | 30.000.000 |
| 3. | Доградба на дом на пензионери — Берово | 33.000.000 |
| 4. | Медицински центар — Струмица | 40.000.000 |
| | Вкупно: | 153.000.000 |

**Финансиски организации**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Стопанска банка — Основна банка — Тетово | 50.000.000 |
| 2. | Стопанска банка — Основна банка — Кочани | 20.000.000 |
| 3. | Стопанска банка — Здружена банка — Скопје | 50.000.000 |
| 4. | Стопанска банка — Основна банка — Скопје | 78.000.000 |
| 5. | Стопанска банка — Основна банка — Радовиш | 120.000 000 |
| 6. | Поштенска штедилница во СР Македонија | 50.000.000 |
| 7. | Служба на општественото книговодство на Македонија | 80.000.000 |
| 8. | ЗОИЛ — Македонија — Струмица | 50.000 000 |
| 9. | Југобанка — Скопје | 40 000.000 |
| 10. | Органи за општествени приходи (Програма за користење на средства за унапредување, организација и работа на органите за општествени приходи за 1987 година) | 100.000.000 |
| 11. | Стопанска банка — Основна банка — Охрид | 50.000.000 |
| 12. | ЗОИЛ — Македонија — Дебар | 16.000.000 |
| 13. | Здружена СИЗ за вработување на град Скопје | 24.000.000 |
| | Вкупно: | 728.000.000 |

**Општествено-политички заедници и други корисници на општествени средства**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Собрание на општина Крива Паланка | 30.000.000 |
| 2. | Собрание на општина Валандово | 40.000.000 |
| 3. | Македонска академија на науките и уметностите | 25.000.000 |
| 4. | Републички секретаријат за внатрешни работи (за реализација на Програмата на Службата за внатрешни работи) | 1.500.000.000 |
| 5. | Републички секретаријат за правосудство (за реализација на Програмата за инвестиции и опрема во правосудните органи и казнено-поправните домови) | 150.000.000 |
| 6. | ЦК на СК Македонија | 20.000.000 |
| 7. | Извршен совет на Собранието на СР Македонија — Управата за заеднички работи (за опремување на републички органи и организации) | 120.000 000 |
| 8. | Републички хидрометеоролошки завод — Скопје | 25.000.000 |
| 9. | РТВ — Скопје | 312 000 000 |
| 10. | Републички завод за судски вештачења од областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот | 20.000.000 |
| | Вкупно: | 2.242.000.000 |

2. Корисниците на општествени средства и износот што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година утврдени со оваа одлука за реализација на одделни програми ќе ги определи соодветниот републички орган на управата односно самоуправната интересна заедница.

3. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижат Републичкиот секретаријат за финансии и Службата на општественото книговодство.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на одделни корисници на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година („Службен весник на СРМ", бр. 34/87).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2195/1
20 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р

**782.**

Врз основа на член 49 од Законот за вршење на стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 30/87), Извршниот совет на Собранието на СРМ донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ШТО СЕ СМЕТААТ ЗА ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ

За занаетчиски дејности што можат да се вршат со личен труд и со средства на трудот во сопственост на граѓаните се сметаат следните дејности:

**Преработка на неметали:**

1. грнчарска,
2. стаклодувачка,
3. стаклошлифувачка и стаклограверска,
4. изработка на предмети од глина, каолин и други слични минерали,
5. изработка на воденичарски камења и острила,
6. изработка на графитни четчиња за електромотори.

**Металопреработувачка дејност:**

7. ковачка,
8. изработка на потковици и клинци,
9. пушкарска,
10. котларска (казанџиска),
11. острачка за сите видови сечила,
12. галванизерска,
13. браварска,
14. лимарска (изработка на производи од лим и вршење на лимарски услуги),
15. метолостругарска,
16. металомоделарска (металокалапарска),
17. металопојасарска (изработка на метална галантерија),
18. машинобраварска,
19. алатничарска.
20. автомеханичарска (поправка и одржување на моторни возила),
21. мотомеханичарска (поправка и одржување на мотоцикли),
22. механичарска,
23. поправки и одржување на земјоделски машини и алати,
24. прецизно-механичарска за оптички инструменти, кино-апарати, фото-апарати, геодетски и други инструменти,
25. фарбање на коли и други метални предмети,
26. прецизно-механичарска за канцелариски машини (пишувачки, сметачки и слично),
27. прецизно-механичарска за електронски уреди (електронски каси, касети, магнетофони, џепни рачунари и слично),

28. часовничарска (производство и поправка),
29. леарска,
30. авто-лимарска,
31. изработка на воденици за кафе,
32. изработка на ваги,
33. жицоплетарска и ситарска,
34. гребенарска (изработка на гребени),
35. металовезачка (металостругарска, металопечатарска),
36. изработка на ѕвонци,
37. ножарска (изработка на ножеви и слични производи),
38. заварувачка,
39. авто-браварска,
40. калајџиска,
41. изработка на ситни предмети од метал.

**Производство и поправка на електрични апарати:**

42. електроинсталатерска (инсталатери на електрични водоводи, лифтови, светлечки реклами и слично).
43. електромеханичарска за разладни уреди, климатизација и слично,
44. електромеханичарска (винклирање на мотори, поправка и одржување на електрични машини и др.),
45. електромеханичарска (за радио и ТВ апарати, транзистори, магнетофони, аудио-видео апарати и слично),
46. електромеханичарска (за телеграфско-телефонски уреди),
47. електромеханичарска за дигалки,
48. автоелектричарска,
49. поправка и полнење на акумулатори,
50. производство, монтирање и поправки на антенски заеднички и кабловски системи, приемно опрема и сл.,

**Производство на хемиски производи:**

51. производство на земјани бои,
52. производство на козметички и мирисни средства,
53. изработка на средства за одржување на чистотата (прашоци, сапуни, пасти, течности и слично),
54. изработка на технички средства за подмачкување, масла, прашоци и други средства што служат за стопански цели,
55. производство на лепила и лепливи средства за подмачкување,
56. производство на деминерализирана вода (дестилирана),
57. изработка на предмети од пластични маси и вештачки смоли,

**Производство и обработка на градежни материјали:**

58. изработка на тули и ќерамиди,
59. каменорезачка и изработка на вештачки камен,
60. изработка на подлоги за тавани,
61. изработка на шупливи елементи од цемент,
62. изработка на штикатор и други платна, фашини и плитари.

**Изработка од дрво:**

63. изработка на ролетни од дрво и пластика,
64. коларска (изработка и поправка на дрвени каросерии),
65. бочварска и качарска (изработка и поправка на бочви и каци),
66. изработка и местење на ламперија,
67. дрвостругарска (изработка на дрвена галантерија).
68. столарска,
69. дрводелска и дрвокалаперска,
70. тапетарска и декоратерска,
71. длабокорезачка (дрворезачка и копаничарска),
72. изработка на брда и друг прибор за ткаење,
73. налаанџиска (изработка на налани и кломпи),
74. изработка на мебел,
75. изработка на дрвена амбалажа,
76. изработка на дрвена галантерија,
77. изработка на предмети од салонитен материјал (саксии за цвеќе, украсни блокови и др.).

**Преработка на хартија:**

78. изработка на конфекција од хартија,
79. изработка на налепки-тапети за ѕидови.

**Производство на текстилни производи:**

80. ткајачка,
81. плетарска (трикотажерска),
82. јажарска,
83. јорганџиска (изработка и поправка на јоргани),
84. изработка на вратоврски,
85. изработка на шапки,
86. изработка на капи,
87. кројачка на народни облеки-абаџиска (по порачка и конфекција),
88. кројачка на облека (по порачка и конфекција),
89. кројачка на постелнина, пресвлеки и друго,
90. изработка на мидери и појаси,
91. волновлачарска (за услуги и производство),
92. позамантериска (изработка на текстилни производи од грубо синтетичко и природно влакно),
93. изработка на шатори, циради, ранци и други слични предмети,
94. изработка на навлаки за автомобили.

**Преработка на кожа, скај и синтетички материјал:**

95. кожуварска,
96. крзнарска,
97. изработка и поправка на кожни бунди,
98. опинчарска,
99. чевларска,
100. изработка на горни делови на чевли,
101. папучарска,
102. нараквичарска,
103. сарачка (ременарска и седларска),
104. изработка на куфери, чанти и друга кожна галантерија,
105. изработка на ортопедски обувки,
106. изработка на сандали,
107. кожарско-табачарска (штавење кожи и преработка на кожи).

**Изработка на гумени производи:**

108. изработка на гумени производи,
109. вулканизерска,
110. изработка на гумени опинци.

**Производство на прехранбени производи:**

111. месарска и колбасичарска,
112. цреварска,
113. слаткарска,
114. вршење на пекарски услуги,
115. пекарска — производство на леб,
116. пекарска — производство на бели печива и бурек,
117. производство на пици,
118. производство на обланди, корнети, кори, фиде, макарони, шпагети, смоки и друго,
119. производство на пити (пастрмајлии и друго),
120. производство на сода-вода и други безалкохолни пијалаци,
121. медарска,
122. изработка на сушени тестенини,
123. преработка на лековити билки,
124. мелничарска (услужно мелење на жито),
125. пржење и мелење на кафе и сурогати,
126. леблебиџиска (печење на сланутоk, семки, сончоглед, кикирики и др.),
127. производство на бонбони,

128 мелење на пипер,
129. изработка на сириште,
130. млекарска — изработка на млеко во млечни производи,
131. лупење на оризова арпа,
132. преработка на овошје, зеленчук, шумски плодови и производство на овошни сокови и жестоки пијалаци,
133. одгледување (производство) на печурки.

**Графичка дејност:**

134. книговезачка и картонажерска,
135. печатарска (печатење на амбалажа, предмети од хартија, пластика или друга галантерија, печатење на обрасци за потребите на стопанството и производство на растер печат),
136. литографска,
137. цинкографска.

**Производство и поправка на разновидни производи:**

138. златарска (јувелирска),
139. печаторезачка,
140. потковачка (налбатска),
141. изработка и поправка на пенкала и патент-моливи,
142. граверска,
143. изработка на спортски реквизити и поправка,
144. поправка и монтирање на скии и друга спортска опрема,
145. производство на погребална опрема,
146. изработка и поправка на музички инструменти со клавијатура,
147. изработка и поправка на музички, гудачки и дрндачки инструменти,
148. поправка на медицински инструменти,
149. преработка на филмови и фиксир од рендген и фото-лабораторија,
150. свеќарска,
151. изработка, монтирање и поправка на електронска опрема и автоматика,
152. производство на приклучни кабли за електрични и електронски апарати,
153. чистење и одржување на глави и траки од електронска опрема,
154. изработка на пенчиња за чевли,
155. изработка на ортопедски помагала,
156. изработка и поправка на чадори за дожд и сонце,
157. изработка на метли и четки од сирк и жиличка,
158. изработка на копчиња,
159. изработка на рамови за слики,
160. миење и подмачкување на моторни возила,
161. поправка на велосипеди,
162. чешларска,
163. самарџиска,
164. изработка и поправка на чамци и помали пловни објекти,
165. изработка на риболовни реквизити,
166. автомеханичарска за поправка на ладилници за моторни возила.
167. поправка на таксиметри — тахографи,
168. изработка на дијапозитиви и кинореклами,
169. штимување на клавир,
170. стругање и чистење на паркет,
171. валање на јамболии и други текстилни производи,
172 печатење текстил (трукерај),
173. изработка на производи од пластична материја.

**Градежно занаетчиство:**

174. ѕидарска и фасадерска,
175. армирачка,
176. тесарска
177. покриварска,
178. паркетарска.
179. молеро-фарбарска,
180. изолатерска,
181. изработка и ставање на подови со вештачки смеси,
182. гипсарска и штукомермерска,
183. печкарска-керамичарска (за поставување печки и плочки),
184. терацерска (облагање на површини од терацо),
185. стаклорезачка,
186. бунарџиска,
187. поплочарска (калдрмаџиска).
188. асфалтерска,
189. инсталатерска за водовод, гасни постројки и канализација,
190. инсталатерска за централно греење и уреди за климатизација,
191. мозаичка,
192. градежно-браварска.

**Занаетчиски лични и други услуги:**

193. хемиско чистење,
194. бојадисување и импрегнирање на преѓа, ткаенини и облека,
195. бојадисување на кожни предмети,
196. фризерска за мажи,
197. фризерска за жени,
198. педикерска,
199. козметичарска за нега на лице и тело,
200. оптичарска (монтирање и поправка на сите видови очила),
201. услуги за автоматска обработка на податоци,
202. фотографска,
203. фирмописачка (изработка на натписи, реклами и слично),
204. фарбарска на коли и други метали,
205. политирање на мебел и други дрвени предмети,
206. оџачарска.
207. вршење услуги со средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

**Уметнички занаети:**

208. филигранска и кујунџиска,
209. уметничка изработка на предмети од ковано железо, бакар и други метали,
210. сликање на текстил и текстилни влакна,
211. изработка на уметнички мозаици во дрво, интарзија и длаборез,
212. изработка на стилски мебел,
213. изработка на уметнички фотографии,
214. сликање на стакло, керамика, дрво и на други предмети односно материјали,
215. везење на дрво,
216. уметнички обработки на камен, стакло, глина и слично,
217. изработка на уметнички килими,
218. внатрешно уредување на станбени, деловни и други објекти.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на дејности што се сметаат за занаетчиски дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 4/84).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2149/2
20 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**783.**

Врз основа на член 63 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 30/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ШТО СЕ СМЕТААТ ЗА ДОМАШНО РАКОТВОРЕЊЕ

1. Како домашно ракотворење ќе се сметаат следните дејности

1. изработка на предмети од глина,
2 изработка на украсни предмети од керамика, камен и други минерали,
3. леење на фигури од гипс,
4. изработка на вештачки бисери,
5. изработка на предмети од школки,
6. изработка на шноли, игли и други ситни украсни предмети,
7. препарирање и полнење на птици и животни,
8. плетење на предмети од трска, рогозина, разни прачки и сл.,
9. изработка на разни предмети од лико, рафија и слама,
10. изработка на конфекција од хартија,
11. изработка на релјефи и макети,
12. изработка на разни цртежи, слики и шаблони,
13. изработка на вештачко цвеќе,
14. цвеќарска (изработка на венци, букети и слично),
15. изработка на сенила и пергаменти од воштена хартија за ламли и лустери,
16. изработка на предмети од дрво (корита, лажици, сукала, закачалки, детски лулки, вретена и слично),
17. премотување и предење на волна, памук, коноп и сл.,
18. изработка на детски играчки,
19. изработка на гоблени, завеси и абажури,
20. плисирање на текстил,
21. изработка на музички инструменти од дрво (кавали, мандолини, гитари и слично),
22. изработка на брда и друг прибор за ткаење,
23. изработка на налани, кломпи и слично,
24 изработка на сувенири од дрво, метал, стакло, глина, текстил и друго,
25. ткаење на разни текстилни предмети (ќилими, јамболии и друго),
26. изработка на јажиња,
27. плетење на предмети од волна, памук, текстил и сл.,
28. изработка на разни предмети од текстил,
29 везење,
30 уметничка изработка на таписерија и други ткаења,
31. штопување на чорапи и други ткаенини,
32. изработка на сита и други жицоплетарски предмети,
33. изработка на тетиви и жици од црева,
34. изработка на четки,
35. поправка и чистење на ќилими,
36. изработка и везење на украси од дрво,
37. изработка на народни носии,
38. печатење на текстил,
39 конфекција на предмети од пластика,
40 изработка на ситни украсни предмети за чевли, ташни, слики и друго,
41 нанесување налепници на текстил.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија"

Бр. 23-2149/1
20 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски**, с. р.

**784.**

Врз основа на член 34-а, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ" бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84 и 44/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

1. Висината на таксите за дозволи и за визи што ги издава органот на управата надлежен за внатрешни работи и граничните премини, утврдена во Тарифниот број 4-а од Тарифата на републичките административни такси, се менува и изнесува:

1) За државјанин на СФРЈ·

| | |
|---|---|
| а) за дозвола за движење и задржување на граничен премин | 1.000 дин. |
| б) за постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 1.000 дин. |

2) За странски државјанин·

| | |
|---|---|
| а) за виза на патна исправа за едно патување заради престој во СФРЈ или за еден транзит | 10.000 дин. |
| б) за визи на заедничка патна исправа за секое лице по | 5 000 дин. |
| в) за туристичка пропусница | 3.000 дин. |
| г) за дозвола за движење и задржување на граничен премин | 1.000 дин. |
| д) за дозвола за движење и престој надвор од местото на граничен премин | 1.000 дин. |
| ѓ) за постојана дозвола за движење и задржување на граничен премин | 3.000 дин. |

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ" бр 2/87 и 28/87).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 23-2277/1
26 ноември 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

**785.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 42/77), а по претходно мислење на Народната банка на Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година („Службен весник на СРМ" бр. 5/87, 23/87, 28/87, 33/87, 38/87 и 43/87) во член 2, точка 1 по зборот „ѓубрива" се додаваат зборовите „како и на увозни суровини за производство на лекови".

Во точка 3 износот „280" се заменува со износот „480".

Во точка 5 зборовите „и на увозни суровини за производство на лекови" се бришат, а износот „1 400" се заменува со износот „400".

Член 2

Во член 4, алинеја 1, на крајот по зборот „годишно" се додаваат запирка и зборовите: „а за увозни суровини за производство на лекови и откуп на шеќерна репка и маслодајни семиња со рок на враќање од 3 месеци и со каматна стапка од 45% годишно".

Во алинеја 2 зборовите: „2 и 3" се заменуваат со зборовите: „2, 3 и 5", а алинејата 4 се брише.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-2300/1
26 ноември 1987 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

**786.**

Врз основа на член 50 став 2 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 30/87), Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ШТО ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ВРШАТ ВО ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАН

1. Занаетчиските дејности утврдени со оваа наредба задолжително се вршат во занаетчиски дуќан и тоа од следните области:

**Метало-преработувачка:**

1. ковачка,
2. изработка на потковици и клинци,
3. пушкарска,
4. котларска (казанџиска),
5 галванизерска,
6. браварска,
7. лимарска (изработка на производи од лим и вршење на лимарски услуги),
8. металостругарска,
9. металомоделарска (металокалаперска),
10. металопојасарска (изработка на метална галантерија),
11. машинобраварска,
12. алатничарска,
13 автомеханичарска (поправка и одржување на моторни возила),
14. мотомеханичарска (поправка и одржување на мотоцикли),
15 механичарска.
16. леарска,
17. авто-лимарска,
18. металовезачка (металостругарска, металопечатарска),
19. кожарска (изработка на ножеви и слични производи),
20. заварувачка,
21. авто-браварска,
22. изработка на ситни предмети од метал;

**Производство и поправка на електрични апарати:**

23. автоелектричарска;

**Производство на хемиски производи:**

24. изработка на средства за одржување на чистотата (прашоци, сапуни, пасти, течности и слично),
25. изработка на технички средства за подмачкување, масла, прашоци и други средства што служат за стопански цели,
26. производство на лепила и лепливи средства за подмачкување,
27. производство на деминерализирана вода (дестилирана),
28. изработка на предмети од пластични маси и вештачки смоли;

**Изработка од дрво:**

29. изработка на ролетни од дрво и пластика,
30. коларска (изработка и поправка на дрвени каросерии),
31 бочварска и качарска (изработка и поправка на бочви и каци),
32 изработка и местење на ламперија,
33 дрвостругарска (изработка на дрвена галантерија),
34. столарска,
35. дрводелска и дрвокалаперска,
36. изработка на мебел,
37. изработка на дрвена амбалажа,
38 изработка на дрвена галантерија,
39. изработка на предмети од салонитен материјал (саксии за цвеќе, украсни блокови и др.),

**Производство на текстилни производи:**

40. волновлачарска (за услуги и производство);

**Преработка на кожа, скај и синтетички материјал:**

41. кожарско-табачарска (штавење кожи и преработка на кожи);

**Изработка на гумени производи:**

42. изработка на гумени производи;

**Производство на прехранбени производи:**

44. месарска и колбасичарска,
45. слаткарска,
46. вршење на пекарски услуги,
47. пекарска — производство на леб,
48. пекарска — производство на бели печива и бурек,
49 производство на пици,
50. производство на обланди, корнети, кори, фиде, макарони, шпагети, смоки и др.,
51. производство на пити (пастрмајлии и др.),
52. производство на сода-вода и други безалкохолни пијалаци,
53. изработка на сушени тестенини,
54. мелничарска (услужно мелење на жито),
55. пржење и мелење на кафе и сурогати,
56. леблебиџиска, (печење на слануток, семки, сончоглед, кикиритки и друго),
57. мелење на пипер,
58 млекарска и изработка на млеко во млечни производи,
59 лупење на оризова арпа,
60. преработка на овошје, зеленчук, шумски плодови и производство на овошни сокови и жестоки пијалаци,

**Графичка дејност:**

61. печатарска (печатење на амбалажа, предмети од хартија, пластика или друга галантерија, печатење на обрасци за потребите на стопанството и производство на растер печат),
62. литографска,
63. цинкографска;

**Производство и поправка на разновидни производи:**

64. поправка на велосипеди,
65. самарџиска,
66. изработка и поправка на чамци и помали пловни објекти:

**Занаетчиски лични и други услуги:**

67. хемиско чистење,
68. бојадисување и импрегнирање на преѓа, ткаенини и облека;

**Уметнички занаети:**

69. изработка на уметнички мозаици во дрво, интарзија и длаборез,
70. изработка на стилски мебел.

2. Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за определување на занаетчиските дејности што задолжително се вршат во деловна просторија („Службен весник на СРМ" бр 36/85).

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-2579
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство,
проф. д-р **Томислав Бундалевски**, с. р.

---

**787.**

Врз основа на член 19, став 2 од Законот за вршење стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните, („Службен весник на СРМ" бр. 30/87), претседателот на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство, во согласност со републичкиот секретар за општо-стопански работи и пазар и претседателот на Републичкиот комитет за сообраќај и врски, донесува

## УПАТСТВО
### ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ НА ДЕЈНОСТИТЕ ШТО СЕ ВРШАТ СО ЛИЧЕН ТРУД СО СРЕДСТВА НА ТРУДОТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

1. Вршењето на стопански дејности со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните се впишува во регистарот што се води според одредбите на ова упатство.

2. Општинскиот орган на управата надлежен за работите на соодветната дејност, регистарот го води според образецот кој е составен дел на ова упатство.

Во општините со поголем број на впишување во регистарот, кон регистарот се води именик и збирка на исправи (документи).

3. Регистарот се води во форма на тврда укоричена книга чии страници се означени со редни броеви, прошиена и потпечатена.

4. На еден регистарски лист можат да се впишуваат податоци само за еден вршител на дејноста со личен труд.

5. Во регистарот се впишуваат податоците предвидени во образецот како и промените што ќе настанат по впишувањето.

Надлежниот орган ги регистрира промените со денот кога е примена пријавата за промена.

Податоците за престанок на важноста на одобрението, настанати по сила на закон, се впишуваат со денот наведен во актот со кој се утврдува престанокот.

6. Впишувањето во регистарот се врши со црно мастило, а исправките со црвено мастило.

7. По пополнувањето на регистарскиот лист за издадените одобренија се отвора нов регистарски лист на кој се означува бројот на регистарската страна од која е извршен преносот од претходниот регистарски лист.

8. Во именикот се впишуваат издадените одобренија по азбучен ред на презимето на граѓанинот, како и регистарскиот број по кој се води во регистарот.

Именикот може да се води во вид на картотека или како посебна книга.

9. Во збирката на исправи се чуваат исправите врз основа на кои е извршено впишувањето во регистарот.

10. Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Правилникот за начинот и образецот на регистарот на дејностите што се вршат со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" број 4/84), Упатството за начинот на водењето и образецот на регистарот на угостителските дуќани на самостојните угостители („Службен весник на СРМ" број 15/74), Упатството за начинот на водењето и образецот на регистарот за издадените одобренија („Службен весник на СРМ" бр. 2/86), Правилникот за формата и содржината на образецот на одобрението за вршење на јавен превоз во езерската пловидба и регистарот за издадените одобренија и начинот на неговото издавање („Службен весник на СРМ" број 25/80)

11. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 09-2571
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за енергетика, индустрија и мало стопанство,
проф. д-р **Томислав Бундалевски**, с. р.

РЕГИСТАР ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИ СО ЛИЧЕН ТРУД

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Реден број | |
| 2 | Дата на уписот во регистарот | |
| 3 | Дата и број на издаденото одобрение | |
| 4 | Име на органот што го издал решението | |
| 5 | Презиме, татково име и име | Податоци за вршењето на дејноста |
| 6 | Дата и место на раѓањето | |
| 7 | Живеалиште-престојувалиште, улица и број | |
| 8 | Податоци на вршителите на дејноста во заедничкиот дуќан | |
| 9 | Стручна подготовка односно стручна оспособеност | |
| 10 | Предмет на работење | |
| 11 | Деловно седиште односно деловна просторија | |
| 12 | Вид на возило со кое ќе се врши јавен превоз односно пловниот објект (број на патници и носивост) | |
| 13 | Инсталирана сила на електриката | |
| 14 | Број на вработени лица | Дополнителна работна сила |
| 15 | Име, презиме и место на живеење и дата на вработување | |
| 16 | Име и презиме и дата на престанок на работа | |
| 17 | Податоци за лицето кое привремено го води дуќанот | Привремено запирање |
| 18 | Привремено запирање на дуќанот (по кој основ, дата и број на решението) | |
| 19 | Податоци за продолжување на работата на дуќанот, дата и број на решението | |
| 22 | Рок на важење на одобрението | |
| 23 | Престанок на вршењето на дејноста (по кој основ, дата и број на решение) | |
| 24 | Забелешка | |
| 25 | Потпис на лицето што го води регистерот | |

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**246.**

Врз основа на член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" број 3/84 и 33/86), а во врска со член 31 став 1 и член 56, 57 и 143 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр 18/83), член 73 и 75 став 2 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и член 2 од Општествениот договор за усогласување на пензиите во СР Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО РЕПУБЛИКАТА ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии, материјалното обезбедување на вдовица односно вдовец, паричните надоместоци за пензија остварена во странство и паричните надоместоци во врска со правото на преквалификација или доквалификација и соодветното вработување на инвалидите на трудот со преостанатата работна способност се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи во 1987 година со 82 насто.

Пензиите и паричните надоместоци усогласени според одлуките за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1987 година („Службен весник на СРМ" број 7/87, 25/87 и 38/87) до процентот од став 1 на овој член се усогласуваат уште за 15 насто.

Член 2

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука ќе се изврши на пензиите на учесниците во НОВ од пред 9 септември 1943 година определени од гарантирана пензиска основа, најнискиот износ на пензиите, како и на пензиите со кои се исплатува додаток на пензијата, на износот на гарантираната пензија, најнискиот износ на пензијата односно на пензијата и додатокот на пензија определени за 1987 година според соодветните одлуки

Член 3

Со процентот од член 1 на оваа одлука се усогласуваат и највисоките пензии остварени заклучно со 30 јуни 1987 година.

Највисоките пензии остварени по 30 јуни 1987 година се зголемуваат до износот на пензијата определена врз основа на остварените лични доходи и навршениот пензиски стаж, но најмногу до износот на највисоката пензија во 1987 година зголемена за процентот од член 1 на оваа одлука

Член 4

Усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии, освен на пензиите на корисниците чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е 1987 година, односно во чија пензиска основа се засметани целосно или делумно личните доходи односно основици на осигурување остварени во 1987 година.

Најнискиот износ на пензија и пензиите со кои се исплатува додаток на пензијата се усогласуваат без оглед на последната година од која се засметани личните доходи во пензиската основа.

Член 5

Дел од усогласувањето од член 1 на оваа одлука припаѓа и на пензиите на работниците во органите на Управата надлежни за внатрешни работи и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1987 година во која примале пензија согласно член 137 став 2 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 37/80) како и на пензиите на работниците во казнено-поправни и воспитно-поправни домови и семејните пензии изведени по таа основа сразмерно на бројот на месеците од 1987 година во која примале пензија согласно член 73-а од Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи („Службен весник на СРМ" број 19/79 и 25/86).

Член 6

Како основица за определување износот на усогласувањето од член 1 од оваа одлука се зема износот на пензијата, материјалното обезбедување односно паричниот надоместок усогласени според порастот на номиналните лични доходи во Републиката во 1986 година што на корисникот му припаѓа на 1 јануари 1987 година.

Член 7

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица од 1941" со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941".

Член 8

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решенија.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3920/1
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски,** с. р

---

**247.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86), а во врска со член 127 и 150 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ШТО ВРШАТ САМОСТОЈНА ИЛИ ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Одлуката за основиците за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 12/84 и 47/86) по член 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„За лицата или осигурениците кои вршеле самостојна или професионална дејност за кои било установено задолжително пензиското и инвалидското осигурување, а кои не пристапиле во осигурување со денот на започнувањето на вршење на самостојна

или професионална дејност, односно редовно не го плаќале придонесот за пензиско и инвалидско осигурување како основица за пресметување и плаќање на придонесот служи даночна основица за соодветната година.

Доколку за осигурениците или лицата од став 1 на овој член не може да се утврди даночна основица, односно паушална основица, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување служи личниот доход според стручната квалификација за соодветната година определен со Одлуката за утврдување на пензиската основа на осигурениците и лицата кои не оствариле чист личен доход, односно надоместок на чистиот личен доход по 1 јануари 1966 година.

Во случаите кога придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува за време пред 1 јануари 1966 година како основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување служи основата според стручната квалификација што важи за 1966 година".

Член 2

Во член 5 од Одлуката, ставот 3 се менува и гласи:

„За лицата или осигурениците кои вршеле самостојна или професионална дејност пред 1 јули 1983 година за кои до тој ден не било установено задолжително пензиско и инвалидско осигурување, а такво осигурување е установено по тој ден, утврдувањето на основицата за плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и за остварување на права од пензиското и инвалидското осигурување за времето пред 1 јули 1983 година и после таа дата до стапувањето во сила на Одлуката за основиците на пензиското и инвалидското осигурување за работните луѓе кои самостојно во вид на занимање вршат самостојна или професионална дејност, а немаат определена даночна основица („Службен весник на СРМ" бр 11/87), се врши на начин определен со член 4-а од оваа одлука".

Член 3

По член 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува од соодветни основици од член 4-а и 5 од Одлуката по години, според стапката на основниот придонес што важи во моментот на поднесувањето на барањето за прием во осигурување.

Утврдениот придонес по години за време на вршењето на самостојна или професионална дејност од став 1 на овој член се пресметува со валоризациони коефициенти за соодветните години за кои е воспоставено осигурување, односно за кои години нередовно е плаќан придонесот на ниво на годината што претходи на годината кога е поднесено барањето".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3947/1
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски,** с. р.

**248.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84, 33/86), а во врска со член 127 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 18/83, 4/87), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 ноември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВИЦИТЕ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ КОИ САМОСТОЈНО ВО ВИД НА ЗАНИМАЊЕ ВРШАТ САМОСТОЈНА ИЛИ ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ А НЕМААТ ОПРЕДЕЛЕНО ДАНОЧНА ОСНОВИЦА

Член 1

Во Одлуката за основиците на пензиското и инвалидското осигурување за работните луѓе кои самостојно во вид на занимање вршат самостојна или професионална дејност („Службен весник на СРМ" бр. 11/87) во член 2 под реден број 7 по зборовите: „Македонската православна црква" се додаваат зборовите: „Исламската верска заедница".

Член 2

Членот 3 од Одлуката се менува и гласи:

„За сите други работни луѓе кои не се опфатени во член 2 од Одлуката, а вршат самостојна или професионална дејност и поседуваат одобрение од соодветниот орган или заедница, како основица на осигурување служи личниот доход според стручната квалификација за соодветната година определен со Одлуката за утврдување на пензиската основа на осигурениците и лицата кои не остварувале чист личен доход, односно надоместокот на чистиот личен доход по 1 јануари 1966 година".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3927/1
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски,** с р.

**249.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" број 3/84, 33/86), а во врска со член 69 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" број 23/82, 77/82, 75/85, 8/67, 65/87), и член 86 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 ноември 1987 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖЕНО ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ" број 42/86) во член 3 став 1 по зборот „осигурување" се додаваат зборовите: „во земјата или странство односно во земјата со која е склучен меѓународен договор за пензиско и инвалидско осигурување".

Член 2

Во член 8 од Одлуката, по став 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„За осигурениците што ќе пристапат на продолжено осигурување, а не оствариле личен доход поради задолжителното осигурување во странство, основица за пресметување и плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување служи личниот доход според стручната квалификација за соодветната година определен со Одлуката за утврдување на пензиската основа на осигурениците и лицата кои

не оствариле чист личен доход, односно надоместок на чистиот личен доход по 1 јануари 1966 година".

Ставовите 2, 3 и 4 од Одлуката стануваат 3, 4 и 5.

Член 3

Во член 9 став 3 од Одлуката по зборовите: „на ниво на годината" се додаваат зборовите: „што претходи на годината".

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3921/1
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски,** с. р

**250.**

Врз основа на член 142 став 1 точка 4, а во врска со член 69, 70 и 71 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 3/84 и 33/86), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 ноември 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И ИСХРАНА НА ДЕЦА И МЛАДИНЦИ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ И ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ И ИНВАЛИДИТЕ НА ТРУДОТ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и инвалидите на трудот („Службен весник на СРМ" бр. 11/87 и 38/87) и се утврдува нов износ на висината на паричниот надоместок на трошоците за сместување и исхрана за 1987 година.

Член 2

Член 4 од Одлуката се менува и гласи:

„Висината на надоместокот за сместување и исхрана на младинците со пречки во психичкиот и физичкиот развој заради стручно односно работно оспособување, односно преквалификација или доквалификација на инвалидите на трудот месечно изнесува по еден корисник и тоа:

| Ред. бр. | Организација | Трошоци за исхрана со интернатско сместување |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин" — Битола | 53.557 |
| 2. | Завод за професионална рехабилитација на младинци со оштетен вид „Димитар Влахов" — Скопје | 54.997 |
| 3. | Завод за рехабилитација на деца и младинци — Скопје | 67.032 |
| 4. | Центар за професионална рехабилитација на младинци со оштетен слух „25 Мај" — Скопје | 52.861 |
| 5. | Центар за рехабилитација и образование „Македонија" — Скопје | 52.861 |
| 6. | Центар за специјално насочено образование „Искра" — Штип | 52.861 |
| 7. | Работна организација за основно образование на децата од лесна и умерена попреченост во психофизичкиот развој со ученички дом „25 мај" с. Ново Село и други специјални паралелки при основни училишта со интернатско сместување | 52.861 |

Член 3

Во член 6 бројката „11625" се заменува со бројката „14.700", а бројката „13.175" со бројката „16.660".

Член 4

Во член 7 бројката „26.350" се заменува со бројката „33.320".

Член 5

Во член 8 бројката „8.912" се заменува со бројката „11.270".

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-3928/1
25 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Анастас Милевски,** с. р

ЗДРУЖЕНА СИЗ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

**251.**

Врз основа на член 5 од Законот за времена забрана на дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и на СИЗ од општествените дејности за потрошувачката во 1987 година („Службен лист на СФРЈ" бр. 12/87), член 42 од Статутот на СИЗ за вработување на општините Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир и член 19 од Статутот на Здружената СИЗ за вработување на град Скопје, собранијата на СИЗ за вработување на општините: Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и Собранието на ЗСИЗ за вработување на град Скопје, на заедничката седница одржана на 25 ноември 1987 година, донесоа

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА МЕСЕЦИТЕ НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА

Член 1

Вработените работници од подрачјето на град Скопје, во организациите на здружен труд и во другите организации и заедници, како и работодавците и работниците вработени во индивидуалниот сектор, се ослободуваат од обврската за плаќање на придонесот за вработување за месеците ноември и декември 1987 година.

Член 2

Ослободувањето од обврската за плаќање на придонес за вработување се однесува на сите исплати на личен доход за месеците ноември и декември 1987 година.

Член 3

Оваа одлука ќе ја спроведе Службата на општественото книговодство — филијала Скопје и Управата за општествени приходи на град Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-7278/7
10 ноември 1987 година
Скопје

Претседател,
**Миле Димковски,** с. р.

# Огласен дел

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 1118 од 19. X. 1987 година, на регистарска влошка бр 1-390-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Историскиот архив, Ц. О. Титов Велес, ул. „Маршал Тито“ бр. 43, со следните податоци: Се бришат досегашните застапници Николов Славко, директор и Зарзева Марија, а се запишува новиот застапник Тошевска Олга, директор, со следните ограничувања: одлука за располагање со средства на деловниот фонд до 5.000 динари.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1118/87. (410)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 933 од 9 XI. 1987 година, на регистарска влошка бр 1-2167-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето под фирма Станбена задруга „Нов дом“, Ц. О., Гевгелија, ул. „Борис Кидрич“ бр. 9.

Станбената задруга е организирана со самоуправна спогодба за здружување на задругарите од 22. V. 1987 година.

Задругата е основана од следните задругари: Јанев Јордан, Наков Ангел, Панов Дичо, Кичуков Владо, Каракашев Ванчо, Карајанов Димитар, Шопов Ристо, Ичев Бранко, Бајрактаров Михаил, Илин Вито, Ичев Кирил, Алчинов Трајко, Стојменов Владо, Кучуков Ѓили, Алексов Александар, Илин Ацо, Манчев Коста, Танев Димитар, Ангов Лазар и Чугунски Ристо.

Основна дејност:

1. вршење инвеститорски работи за изградба на семејни станбени згради и станови, како и деловни простории;

2 организирање штедење за стан;

3. купување на станбени згради и станови, како и деловни простори,

4 набавување на градежен и друг материјал и елементи потребни за изградба на станбени згради и

5. одржување на станбени згради и станови на членовите на станбената задруга.

Станбената задруга работи со трети лица во свое име и за своја сметка, односно за свое име и за сметка на своите членови.

Станбената задруга во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

За обврските на станбената задруга одговараат и нејзините членови ограничено солидарно до десеткратен износ на влогот кој изнесува 10.000 динари.

Лице овластено за застапување е Ангел Наков, б. д. застапник, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 933/87. (424)

---

# КОНКУРСИ

Врз основа на член 21 од Законот за заем за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/86), член 45 од Самоуправната спогодба за основање на Стопанска банка — Здружена банка — Скопје и член 37 од Статутот на Банката, Извршниот одбор на Банката на седницата од 17 ноември 1987 година, донесе одлука за

### ИЗМЕНА НА КОНКУРСОТ

за одобрување кредити од средства на заемот за вработување за учество во инвестиционите вложувања со кои се создаваат услови за нови вработувања, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 5/87

1. Во Конкурсот за одобрување кредити од средствата на заемот за вработување за учество во инвестиционите вложувања со кои се создаваат услови за нови вработувања, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 5/87 и 22/87 година, точка 6 се менува и гласи:

„Барања за кредит ќе се поднесуваат во два примероци до основните банки во системот на Стопанска банка и нивните деловни единици, како и до другите деловни банки во Републиката, кои едниот примерок од барањето за кредит ќе го препраќаат до Стопанска банка — Здружена банка — Скопје.

Со барањето за кредит треба да се поднесе следнава документација:

а) за организациите на здружен труд:

— инвестициона програма (изработена согласно Законот за изградба на инвестициони објекти — „Службен весник на СРМ“ бр. 15/83 и 11/87 год., како и Заедничката методологија за оценување на општествено-економската оправданост на инвестициите и ефикасноста на инвестирање во СФРЈ — „Службен лист на СФРЈ“ бр. 50/87),

— инвестиционо-техничка документација;

— одлука од надлежниот орган на организацијата на здружен труд за изградба на инвестициониот објект и задолжување со кредитот,

б) за дејностите што се вршат со личен труд и средства на трудот во сопственост на граѓаните:

— скратена инвестициона програма (со податоци за кредитобарачот, за намената за која се бара кредитот, за пресметковната вредност на проектот и висина на бараниот кредит, за економската оправданост на инвестицијата, за бројот на ново вработените по квалификациона структура и други податоци од економско-финансиски и техничко технолошки аспект);

— техничка документација (проект) со спецификација на инвестиционите работи и набавки“.

2. Точката 7 се менува и гласи·

„Барања за кредит ќе се поднесуваат до искористување на средствата од Заемот.

Конкурсот ќе се обновува по потреба“.

3. Точката 8 се менува и гласи:

„Барањата за кредит ќе се разгледуваат и одобруваат во согласност со условите, намените, критериумите и приоритетите предвидени со конкурсот

Одлука по конкурсот Банката ќе донесува во рок од 60 дена сметано од денот кога ќе се поднесе комплетно барање за кредит“.

4. Другите услови, намени, критериуми и приоритети предвидени во конкурсот („Службен весник на СРМ“ бр. 5/87) остануваат непроменети.

5. Измената на конкурсот ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, дневниот печат и во други информативни гласила.

---

Врз основа на член 78, а во врска со член 27 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 10/76, 30/77, 36/77, 9/78, 27/78, 46/82 и 11/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

О Б Ј А В У В А

дека ќе врши избор на судија на Окружен суд Штип

Се повикуваат заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 74 од Законот за редовните судови, пријави со биографски податоци, за движењето во работата и другите активности да поднесат до Собранието на СР Македонија — Комисијата за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), собранијата на општините Кочани и Виница

ОБЈАВУВААТ

дека ќе вршат избор на еден судија во Општинскиот суд — Кочани со судско одделение во Виница, за Општинскиот суд во Кочани

Кандидатите кои ги исполнуваат условите по член 91 од Законот за редовните судови треба да поднесат пријави до Собранието на општината Кочани — Комисија за избор и именување во рок од 15 дена од денот на објавувањето. (423)

СЛУЖБА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО ВО СР МАКЕДОНИЈА

Согласно одредбите на членот 1 од Законот за привремена забрана со располагањето на дел од општествените средства на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1987 година („Службен лист на СФРЈ" број 12/87, 65/87 и 75/87), Службата на општественото книговодство во СР Македонија издава

ОБЈАВА

Порастот на остварениот споредлив доход во општественото стопанство на СР Македонија според периодичните пресметки за периодот јануари-септември 1987 година изнесува 92,0%.

## СОДРЖИНА

Страна

765. Закон за личната карта (Пречистен текст) 789
766. Закон за изменување и дополнување на Законот за езерската пловидба — — — 790
767. Одлука за определување исклучителна старосна, односно семејна пензија — — — 792
768. Одлука за давање согласност на одредбите на Самоуправната спогодба за здружување во работна организација „Национални паркови и ловишта" — Скопје — 792
769. Одлука за давање согласност на одредбите на Статутот на Работната организација „Национални паркови и ловишта" — Скопје — — — — — — — — — 793
770. Одлука за давање согласност на Статутот на Основната организација на здружениот труд Институт за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје — — 793
771. Одлука за давање согласност на Статутот на Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје 793
772. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Стоматолошкиот факултет — Скопје — — — — — — — — — 793
773. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Советот на Машинскиот факултет во Скопје 794
774. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на ООЗТ Клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет — Скопје — 794
775. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Педагошката академија „Климент Охридски" — Скопје — — — — 794
776. Одлука за именување членови на Конкурсната комисија за именување генерален директор на Македонскиот народен театар 794
777. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Советот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на СРМ — Скопје 795
778. Одлука за давање согласност на Одлуката на Собирот на работните луѓе на Заводот за културно-просветен и наставен филм на СРМ за именување индивидуален работоводен орган на Заводот — — — 795
779. Програма за изменување на Програмата за освојување на нови и напуштени земјоделски површини и откуп на обработливо земјоделско земјиште во 1987 година 795
780. Програма за изменување на Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство во 1987 година — — — — 795
781. Одлука за утврдување на одделни корисници на општествени средства и износот на средства што можат да го користат за нестопански и непроизводствени инвестиции во 1987 година — — — — — — 796
782. Одлука за утврдување на дејности што се сметаат за занаетчиски дејности — — 798
783. Одлука за определување на дејностите што се сметаат за домашно ракотворење 801
784. Одлука за висината на такси за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини — — — — — — — — 801
785. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1987 година — — 801
786 Наредба за определување на занаетчиските дејности што задолжително се вршат во занаетчиски дуќан — — — — — 802
787. Упатство за содржината и начинот на водењето на регистарот на дејностите што се вршат со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните — — 803

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

246. Одлука за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во Републиката во 1987 година — — — 804
247. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основиците за пресметување и плаќање на придонесот и за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување за осигурениците што вршат самостојна или професионална дејност — 804
248. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за основиците на пензиското и инвалидското осигурување за работните луѓе кои самостојно во вид на занимање вршат самостојна или професионална дејност, а немаат определено даночна основица — — — — — — — — 805
249. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за спроведување на продолжено пензиско и инвалидско осигурување — — 805
250. Одлука за измени на Одлуката за определување на надоместокот на трошоците за сместување и исхрана на деца и младинци со пречки во психичкиот и физичкиот развој и инвалидите на трудот за 1987 година — — — — — — — — 806
251. Одлука за ослободување на обврската за плаќање на придонесот за вработување за месеците ноември и декември 1987 година 806

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**